2024

МРТ

ЈРП Македонска
Радио Телевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.07 - 30.09.2024 ГОДИНА

III Квартал

## СОДРЖИНА

I. ВОВЕД ..... 3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 07 до 09 м. 2024 ГОДИНА ..... 4

II. ПРИХОДИ ..... 4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.07 – 30.09.2024 ГОДИНА ..... 5

III. ТРОШОЦИ – ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ ..... 6

Трошоци за вработените ..... 6
Патни и транспортни трошоци ..... 7
Заеднички трошоци ..... 8
Програмски права ..... 9
Останати трошоци од работење ..... 9
Инвестиции ..... 10

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07 - 30.09.2024 ГОДИНА ..... 10

IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2024 ГОДИНА ..... 14

V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2024 ГОДИНА СО РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2024 ГОДИНА ..... 15

1. Побарувања од купувачите во земјата ..... 15
2. Побарувања од купувачите во странство ..... 16

VI. РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.09.2024 ГОДИНА ..... 17

VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2024 ГОДИНА ..... 18

# I. ВОВЕД

Македонската Радиотелевизија како јавен радиодифузен сервис, преку своите радио и ТВ канали, подготвува и емитува програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик, на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик како и на јазикот на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП Македонска Радио Телевизија изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

За реализација на програмските и останатите активности во третото тримесечје од 2024 година, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 241.641.286 денари и трошоци во износ од 320.070.418 денари при што е остварен негативен финансиски резултат во износ од 105.429.132 денари. Воглавно, остварувањата и во делот на приходите и во делот на расходите се движат во рамки на планираните и очекувани износи во текот на кварталниот период. Меѓутоа, во врска со финансискиот резултатат значајно е да се укаже на фактот дека средствата за финансирање на радиодифузната дејност, кои фсушност се и основниот извор на финансирање на МРТ, во текот на 2024 година се нерамномерно исплатувани на месечно ниво. Имено, во првата половина од годината МРТ има остварено проход по овој основ во вкупен износ од 612.000.000 денари или по 306.000.000 денари за секој квартал. Оттука, во рамки на финансиското работење во овие два квартали остварен е позитивен финансиски резултат, додека пак, во третиот квартал остварувањето по основ на финансирање на радиодифузната дејност е далеку пониско, односно изнесува 186.384.201 денар, што пак директно влијаеше на финансискиот резултат.

Исто така, по основ на приходи за финансирање/постигнување на повисок степен на програмски и техничко технолошки развој, средства кои МРТ ги добива од Буџетот на РСМ согласно Законот за ААВМУ во третиот квартал од 2024 година воопшто немаше остварување.

Токму овој нерамномерен начин на финансирање на МРТ од страна на државата ја намали вкупната реализација кај приходите и придонесе за остварување на негативен финансиски резултат во третиот квартал од 2024 година.

**ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ**
**ВО ПЕРИОДОТ 01.07 - 30. 09. 2024 ГОДИНА**

| ОПИС | Остварување 01.07.-30.09.2023г. | | Финансиски план 2024г. | | Остварување 01.07.-30.09.2024г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **227,068,939** | **100.0** | **1,297,036,000** | **100.0** | **214,641,286** | **100.0** | **94.5** | **16.5** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **264,255,471** | **116.4** | **1,267,036,000** | **97.7** | **320,070,418** | **149.1** | **121.1** | **25.3** |
| Трошоци за вработени | 125,365,319 | 55.2 | 596,450,000 | 46.0 | 146,172,932 | 68.1 | 116.6 | 24.5 |
| Патни трошоци и транспортни трошоци | 3,093,151 | 1.4 | 11,350,000 | 0.9 | 3,887,852 | 1.8 | 125.7 | 34.3 |
| Заеднички трошоци | 33,090,436 | 14.6 | 189,990,000 | 14.6 | 33,364,311 | 15.5 | 100.8 | 17.6 |
| Програмски права | 90,652,666 | 39.9 | 388,850,000 | 30.0 | 113,035,318 | 52.7 | 124.7 | 29.1 |
| Останати трошоци од работење | 12,053,899 | 5.3 | 80,396,000 | 6.2 | 23,610,005 | 11.0 | 195.9 | 29.4 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **-37,186,532** | | | | **-105,429,132** | | | |

## II. ПРИХОДИ

Во периодот 07-09 месец 2024 година реализирани се приходи во износ од 214.641.286 денари.

Основен извор на финансирање на работењето на МРТ е приходот за финансирање на радиодифузна дејност, средства кои МРТ ги добива од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација. Во анализираниот период овој приход е остварен во износ од 186.384.201 денар или 86,8 % од вкупно реализираниот приход во 2024 година. Во врска со финансирањето од Буџетот на државата, од страна на МРТ во повеќе наврати е укажувано дека државните институции не ги почитуваат законските одредби и наместо законски утврдените, финансирањето се реализира со далеку пониски износи. Таков е случајот и во третиот квартал од тековната 2024 година кога поради нерамномерно финансирање и во понизок обем од законскиот, во рамки на финансиското работење МРТ оствари негативен финансиски резултат. Останатите видови приходи кои се остварени во четвртиот квартал се следните:

Приходот остварен по основ на закупнини изнесува 89.799 денари, додека пак по основ на услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во кулата и други услуги) остварувањето изнесува 689.752 денари. односно 23,0 % во однос на планираниот износ за оваа намена.

Ставката останати деловни приходи е реализирана во износ од 1.186.480 денари а се однесува на приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, наплатени отпишани побарувања, приходи од вредносно усогласување на побарувања од РДТ, дополнитено утврдени приходи од минати години и друго.

Иако постојано се соочува со намаленото финансирање и континуиран недостиг на финансиски средства, напорот на МРТ да ја обнови понудата на програмски содржини како и да ги направи достапни до гледачите најзначајните спортски настани (првенства, олимписки игри и слично), во анализираниот период сепак се исплатеше па така, по основ на остварени приходи од маркетинг (емитувани РА и ТВ реклами и услуги во рамки на спортска и останата програма) во третото тримесечје од 2024 година остварен е приход во износ од 26.291.054 денари што е реализација од 40,4 % на планираните средства во Финансискиот план за 2024 година за оваа намена.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.07 – 30.09.2024 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.07-30.09.2023г. | Планирани приходи за 2024г. | Остварени приходи 01.07-30.09.2024г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РМ за финансирање на радиодифузна дејност | 167,625,000 | 1,140,536,000 | 186,384,201 | 111.2 | 16.3 | 86.8 |
| Приходи од Буџет на РМ за финансирање на програмски и техничко технолошки развој | 50,000,000 | 50,000,000 | | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Закупнини | 44,907 | 500,000 | 89,799 | 200.0 | 18.0 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 374,394 | 3,000,000 | 689,752 | 184.2 | 23.0 | 0.3 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги, отстапени права, ISDN линии и сл.) | 0 | 2,000,000 | 0 | 0,0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски, дополнително утврдени приходи од претходни години и др) | 7,037,767 | 20,000,000 | 1,186,480 | 16.9 | 5.9 | 0.6 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 41,525 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 1,945,346 | 65,000,000 | 26,291,054 | 1,351.5 | 40.4 | 12.2 |
| Приходи од донации, продажба на програма, реемитување и останати услуги | 0 | 15,000,000 | 0 | 0,0 | 0.0 | 0.0 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **227,068,939** | **1,297,036,000** | **214,641,286** | **94.5** | **16.5** | **100.0** |

## III. ТРОШОЦИ

Во текот на периодот јули - септември 2024 година, во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 320.070.418 денари што во однос на Годишниот финансиски план за 2024 година претставува остварување од 25,3%.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ПО ГРУПИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07-30.09.2024 ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2023г. | Финансиски план 2024г. | Остварување 01.07.-30.09.2024г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци на вработените | 125,365,319 | 596,450,000 | 146,172,932 | 116.6 | 24.5 |
| Патни и транспортни трошоци | 3,093,151 | 11,350,000 | 3,887,852 | 125.7 | 34.3 |
| Заеднички трошоци | 33,090,436 | 189,990,000 | 33,364,311 | 100.8 | 17.6 |
| Програмски права | 90,652,666 | 388,850,000 | 113,035,318 | 124.7 | 29.1 |
| Останати трошоци од работење | 12,053,899 | 80,396,000 | 23,610,005 | 195.9 | 29.4 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **264,255,471** | **1,267,036,000** | **320,070,418** | **121.1** | **25.3** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 15,522,164 | 30,000,000 | 72,270 | 0.5 | 0.2 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **15,522,164** | **30,000,000** | **72,270** | **0.5** | **0.2** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **279,777,635** | **1,297,036,000** | **320,142,688** | **114.4** | **24.7** |

### Трошоци за вработените

Во третиот квартал од 2024 година групата Трошоци за вработени е остварена во вкупен износ од 146.172.932 денари или 24,5% од средствата планирани за оваа намена. Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за бруто плати на вработените кои во анализираниот период изнесуваат 145.197.735 денари и кои во однос на истиот период 2023 година се повисоко реализирани поради тоа што почнувајќи од месец Август 2024 година, извршено е усогласување на минималната плата на вработените во МРТ со минималната нето плата на ниво на држава а согласно потпишаните измени во Колективниот договор склучен помеѓу Синдикатот на МРТ и Програмскиот совет на МРТ. Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците за отпремнина исплатена на вработените кои оствариле право на пензија реализирани во износ од 490.580 денари, трошоците за јубилејни награди исплатени се 165.212 денари на вработените кои оствариле работен стаж во куќата од 10, 20, 30, 35 и 40 години, трошоците за други лични примања на вработените остварени во вкупен износ од 311.341 денар кои ги опфаќаат сите разни видови на помош (помош за вработени кои имаат деца со посебни потреби, помош во случај на

смрт, боледување подолго од 6 месеци и слично) како и трошоците за едукација и обуки на вработените, семинари и слично во износ од 5.664 денари.
Просечната плата по работник за периодот 07-09 месец 2024 година изнесува 49.734 денари.

### Патни и транспортни трошоци

Оваа група на трошоци е остварена во вкупен износ од 3.887.852 денари, реализирана со 34,3% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2024 година за оваа намена. Реализацијата на патните трошоци во земјата опфаќа патувања на екипите на МРТ за пренос и емитување на настани како Охридско лето, прослава на годишнина од Илинденското востание во Крушево и Пелинце, фестивал Песна ечи – Струга, Струшки вечери на поезијата, Етно фестивал – Пониква, верски настан Мевљуа – Гостивар, Денови на влашка култура, Охридски маратон,  филмски фестивал Браќа Манаки во Битола, пренос од разни културни настани, концерти, од разни спортски натпревари и друго. Патувањата на екипите на МРТ надвор од земјата за реализацијата на планираните и тековните активности во врска со пренос или снимање на емисии од разни области или пак присуство на саеми и средби за програмски цели се однесуваат на патувања во: Белград и Загреб - снимање на велосипедска тура "Вера Тур 2024", Лимасол - Присуство на Генерално собрание на Европска радиодифузна унија, Софија - учество на лидерскиот самит на Европската радиодифузна унија - Софија 2024, Каденабија – присуство на Конференција со претставници на јавните и комерцијалните сервиси во Европа на тема Предизвиците на двојниот радиодиуфезн систем, Тошавн - пренос и известување од фудбалскиот натпревар Фарски Острови - Македонија од Уефа Лигата на нациите, Вашингтон – посета на НАТО Самит, Минхен – присуство на обука за новите технологии во телевизиската продукција, Амстердам – посета на саем за професионална ТВ опрема, Тирана – присуство на годишна конференција на успешни жени во разни области, Будва - учество на фестивал за спортски филмови "Budva sports and arts film festival", САД - известување од 79 Генерално собрание на Обединетите нации, Копенхаген -Присуство на трибина и учество на синдикалните претставнички од јавните сервиси од Балканот и Данска, Турција - организирана медиумска посета на инвестициите на ТАВ во Истамбул и Анталија и слично.

Во оваа група на трошоци се вбројуваат и трошоците реализирани во врска со следење на активностите на државниот врв на РСМ и тоа во: Вашингтон - по повод известување од самитот на НАТО и работна посета на владината делегација предводена од претседателот на владата Христијан Мицкоски, Загреб - Известување од официјалната посета на Претседателот на Владата на Христијан Мицкоски на Хрватска, Прохор Пчински - Известување од посетата на Претседателката Гордана Силјановска Давкова по повод чествување и одбележување на годишнината од Илинденското востание, Софија - Известување од посетата на Претседателката Гордана Силјановска Давкова, Министерот за Надворешни работи и надворешна трговија Тимчо Муцунски и Министерот за култура Зоран Љутков, Будимпешта - Известување од посета на Министерот за надворешни работи и надворешна трговија Тимчо Муцунски, Брисел -

Известување од официјалната посета на Премиерот Христијан Мицкоски и министерот за надворешни работи и трговија Тимчо Муцунски.

### Заеднички трошоци

Во третиот квартал од 2024 година групата на заеднички трошоци бележи остварување во вкупен износ од 33.364.311 денари и реализација од 17.6% на финансискиот план за 2024 година за оваа намена. Оваа група на трошоци ги опфаќа следните видови на трошоци: трошоци за електричен, технички материјал и материјал за поправка и одржување со вкупно остварување од 805.503 денари, трошоци за канцелариски материјали, материјали за возен парк и заштитна облека и обувки ХТЗ опрема е со вкупно остварување од 424.941 денар, трошоци за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво остварени во вкупен износ од 10.259.019 денари, трошоците за ситен инвентар во износ од 151.032 денари, како и телефонските трошоци (фиксна и мобилна телефонија) со интернет и поштарина остварени во вкупен износ од  919.314 денари и трошоците за аудио и видео линии потребни за сите радио и ТВ преноси реализирани се во износ од 735.348 денари. Остварување во рамки на планираните износи за 2024 година бележат и трошоците за обезбедување на имот и лица и трошоците за одржување на хигиена и тоа во вкупен износ од 2.384.304 денари, трошоците за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти во вкупен износ од 1.578.271 денар, потоа трошоците за одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 249.852 денари како и трошоците за комунални услуги со вкупна реализација од 1.520.271 денар. За заверка на пасоши, визи и слично за патување во странство, за огласи и конкурси како и за регистрација на возилата и давање на полномоштва за управување со возилата кои се во сопственост на МРТ остварен е трошок во вкупен износ од 119.314 денари. Пресметаните трошоци за амортизација на основните средства во анализираниот период изнесуваат вкупно 8.324.416 денари или 19,3% од планираните трошоци на финансискиот план за 2024 година. За осигурување на имотот и возилата на МРТ како и за патнички осигурувања реализирани се трошоци во износ од 1.226.269 денари. За надомест на членовите на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ реализацијата изнесува 1.694.309 денари, а пресметката и исплатата се врши согласно законот за ААВМУ. Реализацијата на трошоците за репрезентација изнесува 439.742 денари, додека пак трошоците за камати од работење, затезни камати и негативните разлики изнесуваат вкупно 2.269.004 денари, а трошоците за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра (надвор од постапка за јавна набавка) се реализирани во износ од 126.356 денари.

## Програмски права

Групата на трошоци за откуп на програмски права за емитување на програма е остварена во вкупен износ од 113.035.318 денари што претставува 29,1% реализација на планот за 2024 година за оваа намена.

Ставката откуп на права за пренос и емитување на спортски настани е реализирана во износ од 47.930.455 денари, а се однесува на фактурирана реализација на спортски права за пренос на UEFA Лига на шампиони и UEFA Супер Куп 2024 како и пренос на ЛОИ Париз 2024 година и други спортски настани и натпревари.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 50.492.992 денари и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на емисии од областа на музиката, образованието, забавно-контактни емисии, информативни емисии и серијали како ТВ проект со наслов Акорди, ТВ проекти за деца со наслов Дајте музика и Авантурите на пиратите, Албански народни приказни, ТВ проекти со наслов Приказна и Агенда 35, ТВ проект со наслов 360 Степени, ТВ Проект со наслов Јавниот сервис како гарант за демократија и социјална кохезија, копродукција за реализација на долгометражниот филм со наслов Кајмак како и изработка на други аудиовизуелни содржини за потребите на ТВ програмските сервиси.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 14.112.962 денари и таа во овој период опфаќа фактурирана реализација за пристап до лиценцирани вести од интернет, потоа откуп и емитување на ТВ проектите со насови Ние, “4” , Листа, Во туѓа куќа, Гурманија, Заеднички поглед кон Европа, пренос на Евросонг 2024 година како и ТВ проектот за деца со наслов Бумеранг.

Надоместот за откуп на лиценца за емитување на јуниорски Евросонг 2024 година изнесува 498.909 денари.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци во анализираниот период е остварена во вкупен износ од 23.610.005 денари или остварување од 29,4% во однос на планираниот износ за оваа намена. Истата ги опфаќа трошоците за адвокатски и нотарски услуги во износ од 74.489 денари, трошоци за вештачење во износ од 29.500 денари, како и трошоците за технички услуги во износ од 6.210.645 денари чие остварување во најголем обем се однесува на трошоци реализирани за пренос на ЛОИ Париз 2024 година. Трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори се остварени во износ од 5.656.270 денари, реализирани со цел да се надмине проблемот со дефицит на кадар во одделни сектори или одделенија во МРТ. Како дел од оваа група се и трошоците за годишни членарини за учество во меѓународни организации – ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО и слично реализирани во износ од 3.781.665 денари и надоместокот кон ЗАМП за мало авторско право кој изнесува 7.790.582 денари.

## Инвестиции

Во делот на тендерски постапки за набавка на нова опрема и инвестирање во одржување и реконструкција на постоечката кои се во тек, фактурираната реализација во анализираниот период изнесува 72.720 денари.

**АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.07 - 30.09.2024ГОДИНА**

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.- 30.09.2023г. | Финансиски план 2024г. | Остварување 01.07.- 30.09.2024г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство | 124,686,806 | 570,000,000 | 145,197,735 | 116.4 | 25.5 |
| Регрес за годишен одмор | 0 | 18,200,000 | | 0.0 | 0.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 215,454 | 3,000,000 | 490,580 | 227.7 | 16.4 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,разни видови помош) | 223,091 | 2,000,000 | 311,341 | 139.6 | 15.6 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 218,256 | 2,250,000 | 165,212 | 0.0 | 7.3 |
| Трошоци за здравствени услуги | 0 | 650,000 | 2,400 | 0.0 | 0.4 |
| Трошоци за едукација | 21,712 | 350,000 | 5,664 | 26.1 | 1.6 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **125,365,319** | **596,450,000** | **146,172,932** | **116.6** | **24.5** |
| **Патни и транспортни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 752,806 | 3,000,000 | 672,238 | 89.3 | 22.4 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 1,925,024 | 4,000,000 | 1,903,049 | 98.9 | 47.6 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 5,400 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 267,567 | 3,300,000 | 1,256,982 | 469.8 | 38.1 |
| Сопствено возило за службени потреби | 107,000 | 400,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за патарина,останати услуги од патувања | 35,354 | 250,000 | 43,910 | 124.2 | 17.6 |
| **Вкупно 2** | **3,093,151** | **11,050,000** | **3,876,179** | **125.3** | **35.1** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 0 | 300,000 | 11,673 | 0.0 | 3.9 |
| Услуги за превоз на вработени | 0 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 3** | **0** | **300,000** | **11,673** | **0.0** | **3.9** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **3,093,151** | **11,350,000** | **3,887,852** | **125.7** | **34.3** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2023г. | Финансиски план 2024г. | Остварување 01.07.-30.09.2024г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 18,231 | 700,000 | 292,393 | 1,603.8 | 41.8 |
| Технички материјал | 163,246 | 1,350,000 | 513,110 | 314.3 | 38.0 |
| Материјал за поправка и одржување | 191,760 | 300,000 | | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 4** | **373,237** | **2,350,000** | **805,503** | **215.8** | **34.3** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 149,045 | 1,300,000 | 417,974 | 280.4 | 32.2 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 23,340 | 250,000 | 6,967 | 29.9 | 2.8 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 265,644 | 90,000 | | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 5** | **438,029** | **1,640,000** | **424,941** | **97.0** | **25.9** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 7,090,624 | 36,000,000 | 8,027,487 | 113.2 | 22.3 |
| Трошоци за топлотна енергија | 1,695,981 | 16,000,000 | 1,662,761 | 98.0 | 10.4 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 562,742 | 3,500,000 | 568,771 | 101.1 | 16.3 |
| **Вкупно 6** | **9,349,347** | **55,500,000** | **10,259,019** | **109.7** | **18.5** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 1,187,833 | 1,000,000 | 151,032 | 12.7 | 15.1 |
| **Вкупно 7** | **1,187,833** | **1,000,000** | **151,032** | **12.7** | **15.1** |
| ***8)Поштенски, телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 75,710 | 600,000 | 58,229 | 76.9 | 9.7 |
| Телефонски трошоци-мобилни телефонија | 491,976 | 4,400,000 | 608,328 | 123.6 | 13.8 |
| Трошоци за интернет | 78,162 | 800,000 | 217,133 | 277.8 | 27.1 |
| Поштарина | 43,282 | 300,000 | 35,624 | 82.3 | 11.9 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 1,530,638 | 12,000,000 | 735,348 | 48.0 | 6.1 |
| **Вкупно 8** | **2,219,768** | **18,100,000** | **1,654,662** | **74.5** | **9.1** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на објектите на МРТ | 1,124,526 | 5,200,000 | 1,291,215 | 114.8 | 24.8 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 1,045,941 | 8,700,000 | 1,418,305 | 135.6 | 16.3 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 0 | 1,600,000 | 159,966 | 0.0 | 10.0 |
| Одржување на возила | 141,483 | 1,000,000 | 25,814 | 18.2 | 2.6 |
| Одржување на GPS уреди | 7,062 | 150,000 | 12,489 | 176.8 | 8.3 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна на МРТ | 106,484 | 1,000,000 | 249,852 | 234.6 | 25.0 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 1,022,486 | 4,400,000 | 1,093,089 | 106.9 | 24.8 |
| **Вкупно 9** | **3,447,982** | **22,050,000** | **4,250,730** | **123.3** | **19.3** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 1,096 | 30,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Дератизација и дезинфекција | 0 | 280,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за ѓубретарина | 207,993 | 1,000,000 | 207,993 | 100.0 | 20.8 |
| Трошоци за вода | 862,666 | 3,500,000 | 1,312,278 | 152.1 | 37.5 |
| **Вкупно 10** | **1,071,755** | **4,810,000** | **1,520,271** | **141.8** | **31.6** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2023г. | Финансиски план 2024г. | Остварување 01.07.-30.09.2024г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 0 | 100,000 | 10,413 | 0.0 | 10.4 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 107,576 | 500,000 | 39,356 | 36.6 | 7.9 |
| Трошоци за регистрација на возила,полномоштва и друго | 69,339 | 400,000 | 69,545 | 100.3 | 17.4 |
| Шпедитерски услуги, царински услуги и брза пошта | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **176,915** | **1,450,000** | **119,314** | **67.4** | 8.2 |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 9,550,025 | 43,190,000 | 8,324,416 | 87.2 | 19.3 |
| **Вкупно 12** | **9,550,025** | **43,190,000** | **8,324,416** | **87.2** | **19.3** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања, ревалоризација на обврски, побарувања од купувачите, отпис на побарувања и сл. | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 13** | **0** | **200,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за репрезентација | 342,358 | 1,350,000 | 439,742 | 128.4 | 32.6 |
| **Вкупно 14** | **342,358** | **1,350,000** | **439,742** | **128.4** | 32.6 |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 504,006 | 2,450,000 | 1,226,269 | 243.3 | 50.1 |
| **Вкупно 15** | **504,006** | **2,450,000** | **1,226,269** | **243.3** | 50.1 |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 10,000 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 131,584 | 500,000 | 93,192 | 70.8 | 18.6 |
| **Вкупно 16** | **141,584** | **510,000** | **93,192** | **65.8** | **18.3** |
| ***17)Останати  трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа | 0 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 0 | 110,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 17** | **0** | **460,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 1,984,471 | 10,000,000 | 1,694,309 | 85.4 | 16.9 |
| **Вкупно 18** | **1,984,471** | **10,000,000** | **1,694,309** | **85.4** | **16.9** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2023г. | Финансиски план 2024г. | Остварување 01.07.-30.09.2024г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 186,086 | 5,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Судски трошоци и административни такси | 24,619 | 200,000 | 5,551 | 22.5 | 2.8 |
| **Вкупно 19** | **210,705** | **5,200,000** | **5,551** | **2.6** | **0.1** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 40,109 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **40,109** | **100,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 81,453 | 7,350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 21** | **81,453** | **7,350,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 1,469,984 | 7,400,000 | 1,796,057 | 122.2 | 24.3 |
| **Вкупно 22** | **1,469,984** | **7,400,000** | **1,796,057** | **122.2** | **24.3** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 309,191 | 4,000,000 | 472,947 | 153.0 | 11.8 |
| **Вкупно 23** | **309,191** | **4,000,000** | **472,947** | 153.0 | 11.8 |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра | 191,684 | 880,000 | 126,356 | 65.9 | 14.4 |
| **Вкупно 24** | **191,684** | **880,000** | **126,356** | **65.9** | **14.4** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **33,090,436** | **189,990,000** | **33,364,311** | **100.8** | **17.6** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 1,565,075 | 29,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Останати програмски права | 14,097,089 | 88,500,000 | 14,112,962 | 100.1 | 15.9 |
| Надомест за јуниорски евросонг | 499,104 | 550,000 | 498,909 | 100.0 | 90.7 |
| Права за спортски настани | 44,097,683 | 94,854,000 | 47,930,455 | 108.7 | 50.5 |
| Копродукциски проекти | 30,393,715 | 175,446,000 | 50,492,992 | 166.1 | 28.8 |
| **Вкупно 25-програмски права** | **90,652,666** | **388,850,000** | **113,035,318** | **124.7** | **29.1** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 44,897 | 1,300,000 | 29,940 | 66.7 | 2.3 |
| **Вкупно 26** | **44,897** | **1,300,000** | **29,940** | **66.7** | **2.3** |
| ***27)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 37,170 | 650,000 | 74,489 | 200.4 | 11.5 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 23,600 | 100,000 | 29,500 | 0.0 | 29.5 |
| Технички услуги | 49,202 | 6,400,000 | 6,210,645 | 12,622.7 | 97.0 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.07.-30.09.2023г. | Финансиски план 2024г. | Остварување 01.07.-30.09.2024г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Авторски договори-авторска агенција | 5,479,993 | 30,500,000 | 5,656,270 | 103.2 | 18.5 |
| Трошоци за Евровизија и јуниорски Евросонг | 0 | 1,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за судски извршители | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Сателитски сегмент | 0 | 100,000 | 35,414 | 0.0 | 35.4 |
| **Вкупно 27** | **5,589,965** | **40,700,000** | **12,006,318** | **214.8** | **29.5** |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - (ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО) | 3,786,423 | 16,000,000 | 3,781,665 | 99.9 | 23.6 |
| Котизации и акредитации | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 2,632,614 | 18,500,000 | 7,790,582 | 295.9 | 42.1 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 0 | 3,496,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 28** | **6,419,037** | **38,296,000** | **11,572,247** | **180.3** | **30.2** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 0 | 100,000 | 1,500 | 0.0 | 1.5 |
| **Вкупно 29** | **0** | **100,000** | **1,500** | **0.0** | 1.5 |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **12,053,899** | **80,396,000** | **23,610,005** | **195.9** | **29.4** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **264,255,471** | **1,267,036,000** | **320,070,418** | **121.1** | **25.3** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| **Набавка на опрема и инвестиции** | 15,522,164 | 30,000,000 | 72,270 | 0.5 | 0.2 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **15,522,164** | **30,000,000** | **72,270** | 0.5 | 0.2 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **279,777,635** | **1,297,036,000** | **320,142,688** | **114.4** | **24.7** |

## IV. Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2024г.

Состојбата на денарските сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2024 година изнесува:

- Комерцијална банка 7.313.117 денари
- Халк банка 41.761 денар
- Тутунска банка 5.091.311 денари
- Стопанска банка 202.483 денари
- Шпаркасе банка 7.598 денари
- Алфа банка-Силк Роуд 8.626 денари
- Прокредит банка 1.834.630 денари

***Вкупно на сметки 14.499.526 денари***

Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 30.09.2024 година изнесува:

- Комерцијална банка 38 ДКК,
- Комерцијална банка 82.482 ЕУР
- Прокредит банка 3.666 ЕУР

## V. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 30.09.2024 ГОДИНА

**РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 30.09.2024 ГОДИНА**

| ОПИС | Состојба на 31.12.2023 | Состојба на 30.09.2024 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | 2,048,277,311 | 2,062,666,362 | 100.7 |
| **Побарувања од купувачите во странство** | 46,024,736 | 45,526,199 | 98.9 |
| **Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите** | -2,075,054,581 | -2,072,326,625 | 99.9 |
| **Вкупно:** | **19,247,466** | **35,865,936** | **186.3** |

Побарувања од купувачите во земјата

| ОПИС | Состојба на 31.12.2023 | Состојба на 30.09.2024 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - редовни побарувања | 2,023,744,427 | 2,038,199,537 | 100.7 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 24,532,884 | 24,466,825 | 99.7 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,037,055,948 | -2,034,327,991 | 99.9 |
| **Вкупно:** | **11,221,363** | **28,338,371** | **252.5** |

Ненаплатените побарувања од купувачите во земјата изнесуваат 28.338.371 денар а се однесуваат на следните видови побарувања:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2023 | Состојба на 30.09.2024 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,015,310,426 | 2,012,573,072 | 99.9 |
| - радио и телевизиски реклами | 6,578,894 | 22,542,139 | 342.6 |
| - закуп на основни средства | 104,178 | 100,498 | 96.5 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода,струја,спогодби) | 1,343,975 | 2,373,397 | 176.6 |
| - побарувања по основ на спогодби | 406,954 | 610,431 | 150.0 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 24,532,884 | 24,466,825 | 99.7 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,037,055,948 | -2,034,327,991 | 99.9 |
| **Вкупно:** | **11,221,363** | **28,338,371** | **252.5** |

## Побарувања од купувачите во странство

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 30.09.2024 година изнесуваат 7.527.566 денари и е однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2023 | Состојба на 30.09.2024 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 34,343,943 | 34,518,783 | 100.5 |
| - ТВ услуги | 540,073 | 540,052 | 100.0 |
| - технички услуги | 3,021,048 | 3,020,926 | 100.0 |
| - побарувања од закупнини | 16,786 | 16,786 | 100.0 |
| - отстапени права | 7,616,562 | 6,951,247 | 91.3 |
| - фестивали во странство | 145,901 | 143,417 | 98.3 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 319,163 | 313,729 | 98.3 |
| - останати побарувања од странство | 21,260 | 21,259 | 100.0 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -37,998,633 | -37,998,633 | 100.0 |
| **Вкупно:** | **8,026,103** | **7,527,566** | **93.8** |

## VI. РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 30.09.2024 ГОДИНА

| **ОПИС** | **Состојба на 31.12.2023** | **Состојба на 30.09.2024** |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **508,583,170** | **508,264,691** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 220,449,822 | 216,247,152 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 60,420,577 | 91,257,807 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД.ПД) даноци и придонеси на плата, камати по истите и сл. | 30,603,932 | 17,600,277 |
| Обврски спрема вработените | 39,573,805 | 34,496,899 |
| Краткорочни обврски МФ (доспена камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 143,163,078 | 143,163,078 |
| Останати краткорочни обврски | 1,450,679 | 1,181,731 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 12,920,280 | 4,306,760 |
| Резервирања врз основ на судски спорови (камата и главен долг за ММИ) | 997 | 997 |
| **Долгорочни обврски** | **124,836,448** | **124,836,448** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 2,093,883 | 2,093,883 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 122,742,565 | 122,742,565 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **633,419,618** | **633,091,149** |

Вкупните обврски на ЈРП МРТ на 30.09.2024 година изнесуваат 633.091.149 денари и истите, во однос на состојбата на 31.12.2023 година, се намалени за 328.469 денари.

## VII. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2024 ГОДИНА

Бројот на вработени во ЈРП МРТ на 30.09.2024 година изнесува вкупно 643 лица, што е помалку за 5 лица или за 0,8% во однос на состојбата на 30.06.2024 година.

### СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2024 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| | д-р | м-р | ВСС | ВС | ССС | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.06.2024г. | 2 | 45 | 305 | 6 | 278 | 11 | 1 | 648 | |
| 30.09.2024г. | 2 | 45 | 301 | 6 | 277 | 11 | 1 | 643 | -5 |
| структура 30.09.2024г.(%) | 0.3 | 7.0 | 46.8 | 0.9 | 43.1 | 1.7 | 0.2 | 100.0 | -0.8 |

### СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 30.09.2024 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | останато | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.06.2024г. | 434 | 151 | 25 | 18 | 6 | 7 | 4 | 2 | 1 | 648 | |
| 30.09.2024г. | 430 | 150 | 25 | 18 | 6 | 7 | 4 | 2 | 1 | 643 | -5 |
| структура 30.09.2024г.(%) | 66.9 | 23.3 | 3.9 | 2.8 | 0.9 | 1.1 | 0.6 | 0.3 | 0.2 | 100.0 | -0.8 |

Во текот на третото тримесечје односно во периодот Јули-Септември 2024 година во ЈРП МРТ нема нови вработувања.

Во овој период по основ на стекнување на право за пензионирање од куќата се заминати 9 лица и тоа: 1 Сниматeл камерман со ВСС, 1 Уредник на редакција со ВСС, 1 Продуцент 2 со ССС, 1 Новинар 3 со ВСС, 1 Стручен соработник 2 со ВСС, 1 Новинар 1 со ВСС, 1 Уредник на редакција со ВСС, 1 Уредник на програмски сервис со ВСС и 1 Раководител на одделение со ВСС. Едно лице, Режисер 1 со ВСС е заминато со отказ без отказен рок поради непојавување на работа повеќе од три дена. Во истиот период едно лице, Новинар 3 со ВСС е вратено на работа по истек на период на мирување на работно место.

Скопје, Октомври 2024 година

Директор на ЈРП МРТ

________________________

Марјан Цветковски